**КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

Бр. 01-64/1
Скопје, 23.01.2024

ДО:
АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

Во согласност со член 23 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики и Заклучокот од 57 седница на Владата на Република Северна Македонија донесен на 23 март 2021 година, а врз основа на Решение (наш арх. бр. 03-198/2 од 26. 04. 2021) за определување одговорно лица за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) во својство на назначен Службеник за млади го поднесувам следниот:

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ВО ДЕЛОКРУГОТ НА МЛАДИТЕ

Комисијата за односи со верските заедници и рлигиозни групи (КОВЗРГ) преку својата Канцеларија за млади и во текот на 2023 година активно ги следеше сите прашања од интерес на младите и се залагаше за исполнување на политиките на Законот за младинско учество и младински политики, како и за неговата понатамошна имплементација во делокругот на институцијата преку организирање на проекти и преку активно вклучување во разни конференции и работилници поврзани со креирање на политики за понатамошно унапредување на положбата на младите луѓе во државата, имајќи ја во предвид и Националната стратегија за млади.

Во 2023 година, во рамки на своите надлежности КОВЗРГ во месец март ја формираше „Групата на пријателство"помеѓу студентите на Православниот богословски факултет (ПБФ) „Свети Климент Охридски" - Скопје и Факултетот за исламски науки (ФИН). Овој проект доби свое место и во подготвениот Акциски план на КОВЗРГ за дополнителен развој на меѓуверскиот дијалог, па се очекуваат повеќе средби на формираната младинска група на пријателство во текот на 2023 година. Групата е поддржана од Поглаварите на Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) и на Исламската верска заедница. Проектот

„Група на пријателство" има за цел да ѝ овозможи на новата генерација свештеници и верски службеници, како и на научните теолошки работници низ неколку модули соодветен простор за навремено меѓусебно запознавање, разменување на искуства и ставови и поттикнување на заедничка грижа за јавното добро.

Исто така во текот на 2023 година, на 04 октомври во соработка со Кабинетот на Претседателот на РСМ и во соработка со невладината организација Horizon Civitas организираше Работилницата за меѓуверски дијалог помеѓу младите. На посочената работилница која свое учество зедоа повеќе млади членови на црквите, верските заедници и религиозни групи од државата. Работилницата беше од огромно значење за иднината на соживотот и толеранцијата помеѓу различните верски групи во нашата земја.

КОВЗРГ и во иднина останува отворена за проекти од интерес на младите во државата.

*Со почит,*

Директор
м-р Даријан Сотировски

подготвил: советник Петар Петковски,
службеник за млади при КОВЗРГ